Бр. 12 - 1249/1
20.02 год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3130/1 од 17.06.2019 година на подносителот ---------------------- ----------------- од -------------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3130 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3130/1 од 17.06.2019 година.

Предметот со број 12-3130 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-3130 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 3130/1 од 17.06.2019 година, која до Државната комисија за спречување на корупцијата ја доставил познат подносител – лицето ---------------- ---------------- од Скопје, во својство на ----------- на ------------------------------.

Со пријавата се изразуваат сомневања поврзани со проблеми во тековното работење на предметното ------------------------ од аспект на неможност за вработување на еден извршител – хигиеничар, -------------------------- на место на извршител на кој му престанал работниот однос по основ на ----------------------; нередовно префрлање--------------------------------------; притисоци ------------------- и др. – кои се случувале во периодот јануари-јуни 2019 година.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги имаше во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено и во контекст на претпоставките за нарушена соработка помеѓу ----------------------------------------.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи/основ за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- ______/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. 12-1249/1
20.02 год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3130/1 од 17.06.2019 година на подносителот Александар Митревски од Скопје се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3130 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3130/1 од 17.06.2019 година.

Предметот со број 12-3130 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-3130 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3130/1 од 17.06.2019 година, која до Државната комисија за спречување на корупцијата ја доставил познат подносител – лицето Александар Митревски од Скопје, во својство на директор на ООУ "Ристо Крле" с.Кадино – о.Илинден, Скопје.

Со пријавата се изразуваат сомневања поврзани со проблеми во тековното работење на предметното Основно училиште од аспект на неможност за вработување на еден извршител – хигиеничар, за потребите на училиштето – по основ на старо финансирање, на место на извршител на кој му престанал работниот однос по основ на користење на семејна пензија; нередовно префрлање, од страна на Градоначалникот на општина Илинден, на блок дотации на училиштето; притисоци вршени на членовите на Училишниот одбор на ООУ од страна на Секретарот на општината и др. – кои се случувале во периодот јануари-јуни 2019 година.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги имаше во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено и во контекст на претпоставките за нарушена соработка помеѓу Основното училиште и локалната самоуправа.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи/основ за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- 1249 /1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил: Христина Мишевска, Советник

Доставено до :
- Архива
- Подносителот